**20131042490**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јули 2013 година.

Бр. 07 - 2941/1
22 јули 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008 и 145/10), во членот 27 став 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или Бирото за судски вештачења на Република Македонија“.

Член 2

Насловот на членот 48 и членот 48 се менуваат и гласат:

**„Продажба и отстапување на привремено одземен имот**

Член 48

Привремено одземен недвижен имот не може да биде предмет на продажба.

Агенцијата со добиена претходна согласност на судот или органот кој ја донел одлуката за привремено одземање ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот доколку процени дека со чувањето на имотот се

намалува неговата вредност или трошоците за неговото чување се несразмерно големи. Агенцијата барањето за претходна согласност за продажба и отстапување го доставува до судот или органот кој донел одлука за привремено одземање подвижен имот во рок од десет дена од денот на добивањето на известувањето за привремено одземениот подвижен имот.

Согласноста за продажба или отстапување на привремено одземен подвижен имот од ставот 2 на овој член судот или органот ќе ја донесе во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на Агенцијата.

Агенцијата по добивањето на согласноста за продажба и отстапување на подвижниот имот од ставот 3 на овој член обезбедува процена на привремено одземениот подвижен имот од страна на овластен проценител или Бирото за судски вештачења."

Член 3

Насловот на членот 49 и членот 49 се менуваат и гласат:

**„Уплата на средствата од продажба и отстапување на привремено одземени предмети**

Член 49

Средствата добиени од продажба на привремено одземени предмети се уплатуваат на посебна приходна сметка на Агенцијата.

Доколку ќе биде донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е продаден, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата добиени од продажбата од посебна приходна сметка на Агенцијата од ставот 1 на овој член.

Доколку ќе биде донесена правосилна одлука за враќање на отстапен привремено одземен предмет согласно со членот 48 став 2 од овој закон, Агенцијата на сопственикот му ги исплаќа средствата во висина утврдена со направената процена согласно со членот 48 став 4 од овој закон."

Член 4

Насловот на членот 52 и членот 52 се менуваат и гласат:

**„Отстапување на одземени предмети**

Член 52

Агенцијата може да отстапи одземени предмети со правосилна пресуда на други државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Република Македонија, трговски друштва основани од Република Македонија и други основани од Република Македонија, како и единиците на локалната самоуправа, по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Агенцијата може да отстапи привремено одземени предмети за кои е добиена согласност согласно со членот 48 од овој закон на други државни органи, фондови, агенции, дирекции, јавни установи, независни регулаторни тела основани од Република Македонија, трговски друштва основани од Република Македонија и други основани од Република Македонија, како и единиците на локалната самоуправа, по претходна согласност на Владата на Република Македонија."

Член 5

По член 52 се додава нов наслов и нов член 52-а, кои гласат:

**„Трајно одземени подвижни предмети**

Член 52-а

Одредбите од членовите 48,49 и 52 од овој закон ќе се однесуваат и на трајно одземени подвижни предмети согласно со закон.“

Член 6

По Главата VI се додаваат две нови глави VI-а и нов член 59-а и VI-б и два нови члена 59-б и 59-в, кои гласат:

“VI-а НАДЗОР

Член 59-а

Надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот управен инспекторат.

VI-б ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 59-б

Глоба во износ од 7.500 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во органот ако постапи спротивно на членот 48 ставови 2 и 3 од овој закон.

Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во органот ако постапи спротивно на членот 48 ставови 2 и 3 од овој закон.

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на државниот службеник или службеното лице во органот ако постапи спротивно на членот 48 ставови 2 и 3 од овој закон.

Член 59-в

Прекршочни постапки ќе води и прекршочни санкции ќе изрече надлежен суд.“

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.